ТЕХНО ХЕМ

друштво за трговија и производство на хемикалии и хемиски производи д.о.о скопје

# ЕПОКОН САМОЛИВ

## ЕПОКСИДЕН САМОРАЗЛЕВАЧКИ МАТЕРИЈАЛ

**НАМЕНА :ЕПОКОН САМОЛИВ** се користи за тешки услови на експлоатација.Поднесува високи механички оптеретувања и отпорен е на голем низ хемиски агресии.Како подна површина има големо подрачје на примена како што се : магацини , ходници , општествени простории , лаборатории и како под во разни индустриски хали како на пример во прехрамбена индустрија , текстилна , печатарска , хемиска и сл.

**СОСТАВ :ЕПОКОН САМОЛИВ** е трокомпонентна обоена маса на база на епоксидни смоли и кварцни полнила.Не содржи разредувачи.Содржи светлостабилни пигменти и низ експлоатацијата ги задржува постојаноста на нијансата и сјајот.Поседува ефект на саморазлевање и затоа вграден има мазна и рамна површина што овозможува лесно одржување.

**СВОЈСТВА :** Вградениот материјал ги има следните карактеристики

Цврстина на притисок(ЈУС Г.С2.613 )....................................................937 да Н/цм2
Цврстина на свиткување (ЈУС Г.С2.614 )................................................312 да Н/цм2
Цврстина на свлекување ( ЈУС Г.С2.612 )...............................................250 да Н/цм2
Отпорност на абење ( ЈУС Б.Б8.015 )......................................................4,4 цм3/50цм2
Прионливост на подлога од бетон МБ 50.................................................100% лом во бетонот

Со испитување на искрење утврдено е дека не доаѓа до појава на искра кај удар со други материјали.

**ПРИПРЕМА НА ПОДЛОГА : ЕПОКОН САМОЛИВ** се нанесува на бетонска подлога со минимална марка МБ 30.Подлогата мора да биде рамна , благо рапава , чиста и сува.Не смее да има слаби места како на пример сегрегациони гнезда и цементни кошулки кои се прашат.Сите слаби места пред нанесување на **ЕПОКОН САМОЛИВ** треба механички да се отстранат со некои од следниве постапки : пескарење , механички чекан , челични четки и сл.После тоа подлогата треба да се помете и да се обеспраши со индустриски правосмукалки.Ако подлогата е нечиста и измастена треба да се испере со детергенти , да се исплакне со вода и добро да се исуши.Ако загадувањето е толкаво да со перење не се постигнува задоволителен ефект треба со механички чекани да се симне горниот слој бетон , да се дојде до чист слој.

**СИСТЕМ НА НАНЕСУВАЊЕ :**

**ЕПОКОН ПРАЈМЕР ХБ** до заситување на подлогата 1-2 пати со потрошувачка од 0,3 -0,5 кг/м2.
**ЕПОКОН САМОЛИВ** - одеднаш со потрошувачка од 5 кг/м2 за дебелина на слој 3-4 мм.

**ВГРАДУВАЊЕ :** На припремената подлога се нанесува **ЕПОКОН ПРАЈМЕР ХБ** со четка или валјак до заситување на подлогата.После 5-10 часови во зависност од температурата се нанесува **ЕПОКОН САМОЛИВ**. Добро се мешаат компонента А и компонента Б а потоа со усипување се додава компонентата Ц.

За мешање се препорачува спорооден полжавест мешач.Нанесувањето на масата се врши со назабени глетарки во дебелина на слојот од 3-4 мм.Целата површина веднаш се обработува со бодликави валјаци за да се овозможи побрзо излегување на воздушните меурчиња.

Од моментот на замешување масата мора да се вгради во рок од 25 мин. , ако се работи на нормална температура.Зголемување на температурата над 20С значително го скратува времетона вградување.

Вградениот материјал прооден е после 24 часа , а максималните механички и хемиски отпорности ги постигнува после 7 дена.Веднаш после употребата алатот се чисти со разредувач за епоксиди.

**ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА :** Да се избегнува директен контакт со кожата и слузокожата.Задолжително да се користат основните заштитни средства.

**РОК НА ТРАЕЊЕ :** Во оригинална неоштетена амбалажа рок на траење е 1 година.

**УСКЛАДИШТУВАЊЕ :** Да се чува во затворена оригинална амбалажа во суви простории на температура 10-25С.

**КЛАСИФИКАЦИЈА СПОРЕД СТЕПЕНОТ НА ОПАСНОСТ:**

ЈУС З.ЦО.007.................................................................III Б
ЈУС З.ЦО.012.................................................................I степен на опасност
ЈУС З.ЦО.005.................................................................Фх III Б Фу
ЈУС З.ЦО.003.................................................................Б класа


ул .7 бр. 139а с.Орешани
1000 Скопје Македонија
тел./факс++ 389* 02*3091-174
моб.тел. ++ 389*070 241 448
е-маил: tehnohem@t.mk
info@tehnohem.com
веб: www.tehnohem.com